**Одлука бр.1**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на електронска седница одржана на 19.12.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за висина на годишната членарина за тениските клубови кон ТФСМ за 2024 година

**Член 1**

Членарината за тениските клубови за 2024 година во зависност од критериумите за определување на бројот на гласови во Собранието на ТФСМ изнесува за секој глас по 15.000,00 денари.

**Член 2**

Тениските клубови должни се членарината за 2024 година да ја платат најдоцна до 01.06.2024 година на основа на доставена фактура од страна на ТФСМ.

**Член 3**

Доколку тенискиот клуб не ја подмири обврската на име годишна членарина најдоцна до 01.06.2024 година, ќе биде привремено суспендиран од учеството во работата и стекнувањата на правата од Тениска Федерација на Северна Македонија.

**Член 4**

Доколку тенискиот клуб не ја подмири обврската на име годишна членарина до 01.06.2024 година, тој и неговите регистрирани натпреварувачи ќе биде суспендирани од учеството на турнирите и натпреварите од Календарот на ТФСМ за 2024 година.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2024 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2023 година

Тениска Федерација на Северна Македонија
1
Скопје